Насилството врз жените и семејното насилство претставуваат кршење на човековите права на жените! Глобалните претпоставки, објавени од страна на Светската Здравствена Организација (WHO), покажуваат дека 1 од 3 жени на светско ниво (35%), кои биле во врска, имаат искусено психичко и/или сексуално насилство од страна на нивниот интимен партнер. Насилството се случува во јавни и приватни простори и истото има повеќе форми: домашно насилство од интимен партнер до сексуално злоставување и навреда; осакатувањето на женски гениталии; трговија; сексуално насилство во конфликти; и родови убиства – фемициди.

Dhuna ndaj grave dhe dhuna në familje paraqesin shkelje e të drejtave njerëzore të grave! Supozimet globale të publikuara nga Organizata Botërore e Shëndetësisë (OBSH) japin të dhëna se 1 prej 3 grave në mbarë botën (35%), të cilat kanë qenë në marrëdhënie kanë përjetuar dhunë fizike nga partneri intim. Dhuna ndodhë në hapësirat publike dhe private dhe çfaqet në disa forma: dhuna në familje nga partneri intim e deri tek abuzimi seksual dhe fyerje; gjymtimi i gjenitalieve femërore; viktima të tregëtisë; dhuna seksuale në konflikte të armatosura dhe vrasjet gjinore - femicidi.




Женска граѓанска иницијатива
Iniciativa qytetare e femrave
Women's Civic Initiative

Женска граѓанска иницијатива АНТИКО Скопје
Поштенски фах 1090/1010
Контакт телефон 02/2614-641
Електронска пошта contact@antiko.org.mk, antico@t.mk
Веб страна: www.antiko.org.mk


# СТАВИ КРАЈ НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО!

# JEPI FUND DHUNËS NDAJ GRAVE DHE DHUNËS NË FAMILJE!



**Кампања „16 дена активизам против насилството врз жени и девојчиња“**

**Fushatë „16 Ditë aktivizëm kundër dhunës ndaj grave dhe vajzave“**

**25.11-10.12.**

Женска граѓанска иницијатива
Iniciativa qytetare e femrave
Women's Civic Initiative

**Најчести видови на родово и семејно насилство:**

- Психичко насилство
  Контрола, изолација, љубомора и емоционално страдање, омаловажување или понижување, доминација во семејството, заплашување, заканување, инсистирање да го следи секој твој чекор.
- Сексуално насилство
  Силување, несакан сексуален однос, понижувачки сексуален однос, присила на гледање порнографски филмови и подведување.
- Физичко насилство
  Употреба на физичка сила и закана дека истата ќе биде употребена.
- Економско насилство
  Се манифестира преку скратување и/или одземање на финансиските средства, неплаќање алиментација, како и преку сите други облици на одземање на средствата за живот.

**Даватели на услуги во РМ:**
Женските граѓански организации и државните институции преку Центрите за социјална работа, Полицијата и Здравствените институции.

**Од областа насилството врз жените и семејното насилство, ЖГИ АНТИКО работи на:**

1. Застапување;
2. Превенција преку едукација, информирање, поддршка на преживеаните; родови анализи; потикнување и поддршка за унапредување на интерсекторската соработка во заштитата на жртвите на насилство.

**Сервиси за помош и поддршка за преживеани на родово и семејно насилство:**

- Национални СОС телефонски линии: тел. (02) 15 700 и тел. (02) 15 315;
- Прв семеен центар на преживеаните и сторителите на семејно насилство. Телефон за контакт: 02/ 3200 007. Центарот работи секој работен ден од 11:00 до 19:00 часот. Прием на клиенти се врши во текот на целото работно време додека средбите со психотерапевтите се одвиваат од 17:00 до 20:00 часот.

**Llojet më të zakonshme të dhunës në familje:**

- Dhuna psiqike
  Kontrol, izolim, xhelozi dhe ankth emocional, nënvlerësim apo poshtërim, dominim në familje, frikësime, kërcënime, këmbëngulje për të ndjekur çdo hap të tuajin.
- Dhuna seksuale
  Përdhunimi, marrëdhënie seksuale të padëshiruara, seks degradues, detyrimi i të shiquarit të filmave pornografike.
- Dhuna fizike
  Përdorimi i dhunës fizike dhe kërcënim se njejta do të përdoret.
- Dhuna ekonomike
  Dhuna ekonomike shprehet duke reduktuar ose konfiskuar mjetet finansiare, mos pagesa e alimentacionit, si dhe të gjitha format e heqjes së mjeteve që sigurojnë egzistencë.

**Ofruesit e shërbimeve në Republikën e Maqedonisë:**
Organizatat e grave dhe institucionet shtetërore përmes Qendrave për punë sociale, Policisë, dhe Institucioneve shëndetësore.

**Në fushën e dhunës kundër grave dhe asaj në familje, IQF ANTIKO punon:**

1. Avokim;
2. Parandalimi përmes edukimit, informimit, mbështetjes për viktimat, analiza gjinore, inkurajimin dhe mbështetje në promovimin e bashkëpunimit intersektorial në mbrojtjen e viktimave të dhunës.

**Ndihma dhe shërbime mbështetëse për të përjetuarit e dhunës gjinore dhe asaj në familje:**

- Linjat telefonike kombëtare SOS: (02) 15 700 dhe (02) 15 315;
- Qendra e parë familijare për të përjetuarit dhe autorëve të dhunës në familje. Telefoni (02) 3200 007 Qendra punon çdo ditë pune prej orës 11:00 deri 19:00. Pranimi i klientëve bëhet gjatë tërë orarit të punës, ndërsa takimet me psikoterapeutët prej orës 17:00 deri 20:00.



ЖГИ АНТИКО е институционален грантист на Цивика мобилитас.
Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Женска граѓанска иницијатива АНТИКО и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

IQF ANTIKO është përfituesi i granteve institucionale të Civica Mobilitas.
Përmbajtja e këtij publikimi është përgjegjësi e vetme e Iniciativa Qutetare e Femrave ANTIKO dhe në asnjë mënyrë nuk mund të konsiderohet si pasqyrim i pikëpamjeve të CIVICA Mobilitas, Agjencisë Zvicerane për Zhvillim dhe Bashkëpunim (SDC) ose organizatat që kryejnë.